КАРПОШ УРБАН

Весник на локалната самоуправа
септември 2013 • бр. 32 • година 5



Registered
ISO 9001:2008

ISSN 1857-6753

ЧЕКОР ПОБЛИСКУ ДО ЕУ

Контакт со Општина Карпош

Адреса: ул. Радика бр. 9, 1000 Скопје; kontakt@karpos.gov.mk 3069-799, 3061-353, 3062-925, karpos.gov.mk

УЗ Карпош 1
Мирче Блажевски тел.070/244-286 и 02/3068-754 и 078/486-929
Адреса: ул. Иван Аговски бр.2

УЗ Карпош 2
Лидија Цацановска тел. 078/486-955 и 02/3071-246
Адреса: ул. Бранислав Нушиќ бр.4

УЗ Карпош 3
Мирјана Георгиевска тел.072/268-054
Снежана Тасева тел. 078/486-919
Адреса: ОУ.Лазо Трповски

УЗ Карпош 4
Виолета Божиновска тел.072/268-052
Адреса: ул.Љубљанска бр.6

УЗ Тафталице 1
Вера Пенова тел.072/209-685
Адреса: ул.Букурешка бр.2

УЗ Тафталице 2
Горан Велковски тел.078/486-928
Адреса: ул.Копенхагенска бр.5

УЗ Влае 1
Ненад Зафировски тел.072/268-053
Адреса: ул.Фјодор Достоевски бр.2

УЗ Влае 2
Жарко Јосифовски тел.072/268-056
Адреса: ул.Сливовска бр.1

УЗ Нерези
Весна Антеска тел.078/486-922
Адреса: ул.Ванчо Мицков бр.19

УЗ Владо Тасевски
Елена Ѓурчилова тел.078/486-927
Адреса: ул.Дрезденска бр.52

УЗ Кузман Јосифовски Питу
Виолета Михајловска тел.078/ 486-924
Адреса: ул.Стрезово бр.7

УЗ Пецо Божиновски Кочо
Ацо Постоловски тел.078/486-925
Адреса: ул.Стрезово бр.7

МЗ Злокуќани
Гаши Садри тел.078/486-923
Адреса: ул.Скупи бб.

МЗ Бардовци
Мирослав Петрушевски 078/486-931
Адреса: с.Бардовци

ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА
"ЕЛИСАВЕТА"

Дом за стари лица "Елисавета"

02/30-62-021
02/61-46-880
078/43-41-49

ВО ОВОЈ БРОЈ



ВО ФОКУСОТ

ЛОКАЛНИТЕ ВЛАСТИ ЧЕКОР ПОБЛИСКУ ДО ЕУ 6



ИНТЕРВЈУ

ВРЕДИ ДА СЕ ВЛОЖУВАШ ВО СПОРТОТ 12



ОБРАЗОВАНИЕ

УСПЕШНО ЈАВНО-ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО 19



ТУРИЗАМ ВО КАРПОШ

ВРВНИ СПОМЕНИЦИ ОД ВРЕМЕТО НА РИМСКАТА ИМПЕРИЈА 26



СПОРТОРАМА

„ЈУВЕНТУС“ ПОВТОРНО ГО ОСВОИ „СОКОЛ“ 33



Издава Општина Карпош
Бул. „Партизански одреди“ бр.68
1000 Скопје, Р. Македонија
тел.: 02 / 30-61-353
факс: 02 / 30-71-040
kontakt@karpos.gov.mk
www.karpos.gov.mk

Издавачки совет
Стевчо Јакимовски
Димче Мешковски
Томе Груевски
Владо Поповски

Главен и одговорен уредник
Виолета Цветковска
vikipr@karpos.gov.mk

Уредници
Лилјана Петрушевска-Кочовска
liljana.petrushevska@karpos.gov.mk
Миле Раденковиќ
mile.radenkovic@karpos.gov.mk

Редакција
Игор Ѓуровски
Мила Глигорова
Ива Манова
Анета Манчевска
Живко Трајановски
Јоана Станиќ

Технички уредник
Зоран М. Гулевски

Лектура
Лилјана Петрушевска-Кочовска

Фотографија
Ива Манова
Амел Амед
Игор Ѓуровски

Маркетинг
Александар Бошковски
Горан Димовски
marketing@karpos.gov.mk



КАРПОШ ЌЕ ГО ОРГАНИЗИРА ЕВРОПСКОТО ШАХОВСКО ПРВЕНСТВО ВО 2015 ГОДИНА

Општина Карпош и официјално е избрана за организатор на Европското клупско шаховско првенство во 2015 година.

- Веста е особено значајна затоа што првпат во светот една општина организира едно првенство од висок ранг, а тоа е Европското клупско првенство во шах. Годинава, Бордот на Европската шаховска унија донесе одлука, клупското првенство во 2014 година да се одржи во Билбао, а следната 2015 година во Карпош. Наша главна препорака, со која ја добивме улогата на организатор на ЕКП за 2015 година, е, се разбира, токму успехот што три години по ред го постигнуваме со нашиот шаховски турнир „Опен Карпош“ - истакна по повод оваа значајна сатисфакција првиот човек на Општината, Стевчо Јакимовски. Тој додаде и дека за тоа Карпош има пофалби од Европската шаховска унија и од светската јавност, која е зачудена што еден турнир за толку краток период успеа да достигне таков квалитет.



- Наредната година, во октомври, во Билбао, имаме обврска да ги презентираме своите можности за организација на првенството, но и да претставиме сè она што Општина Карпош, Градот Скопје и Република Македонија можат да им понудат на шахистите – рече градоначалникот на Карпош, Стевчо Јакимовски, изразувајќи надеж дека и Град Скопје и Владата на Република Македонија, односно Агенцијата за млади и спорт, ќе имаат предвид дека станува збор за многу значаен настан и ќе придонесат за што поквалитетна реализација, во корист на што подобра презентација на Македонија.

Организацијата на првенството, Општина Карпош ќе ја спроведе заедно со клубот „Гамбит АССЕКО СЕЕ“, чиј секретар, Маријан Митков, истакна дека на првенството очекуваат присуство на повеќе од 70 клубови во машка и околу 15 во женска конкуренција, 550 шахисти и повеќе од 800 гости.

- По Олимпијадата во шах во 1972 година, кога во Скопје гостуваа светските великани како Боби Фишер, Михаил Таљ, Анатолиј Карпов и дузина други, ова ќе биде најголемиот шаховски настан што воопшто се случил во Македонија. Очекуваме да присуствува и светскиот првак, како и околу 80 од најдобрите 100 шахисти во светот – рече Митков и подвлече дека сите натпревари ќе бидат пренесувани директно, иако тоа е практика само на олимписките натпреварувања.

Л.П.К.



Почитувани сограѓани,

Во месецот што го оставаме зад нас, локалната власт продолжи да работи со несмалено, нескромно би рекол, дури и со засилено темпо. Овојпат настаните и работната агенда нè водеше кон засилени општествени активности и афирмација на Општината на социјален, еколошки и на меѓународен план.

Од сето тоа што ни се случуваше и што остваривме, секако, како најзначајни би ги издвоил настапот на Меѓународниот саем на општини на Југоисточна Европа NEXPO 2013, кој го организира најголемата и најзначајна мрежа на локални самоуправи од 11 држави од овој регион- НАЛАС. Карпош е членка на оваа асоцијација од самиот почеток и нормално беше од наша страна да се очекува конкретен придонес во зајакнување на регионалната соработка и размена на искуства. Во оваа мрежа на 4.000 локални власти, непосредно избрани од повеќе од 80 милиони жители од регионот на Југоисточна Европа, дискутиравме на две витални теми, а тоа се нашиот придонес на патот кон ЕУ-интеграциите и на имплементацијата на енергетската ефикасност и користењето на обновливи извори на енергија, нешто на што Карпош работи со години наназад и со што можеме да се носиме со најнапредните општини во Европа.

Но, тоа беше само една од меѓународните афирмации на Општината. Друга беше учеството на Меѓународната конференција за квалитет на храна и хигиенско инженерство и дизајн 2013 (EHEDG), на која присуствуваат повеќе од 150 луѓе од целиот свет, а се одржа во нашиот главен град. Нашата општина е единствената локална самоуправа во светот која е членка на оваа реномирана организација. Со успешната имплементација на HACCP-системот во предучилишните и училишните установи во општината и вработено експертско лице за контрола на храната во овие институции, Карпош потврди дека здравјето и правилниот развој на младите поколенија ни се во фокусот на вниманието.

Нашата Општина доби уште една голема сатисфакција. Општина Карпош и официјално е избрана за организатор на Европското клупско шаховско првенство во 2015 година со што, повторно, првпат во светот, една општина организира некое првенство од олку висок ранг. Тоа беше одлука на Одборот на Европската шаховска унија. Наша главна препорака, со која ја добивме улогата на организатор на ЕКП за 2015 година, е успехот што три години по ред го постигнуваме со организацијата на нашиот шаховски турнир „Опен Карпош“, за што имаме пофалби од Европската шаховска унија и од светската јавност, која е просто зачудена како еден турнир за толку краток период успеа да достигне таков квалитет. Посветеноста и сериозниот пристап кон нашите стратегиски цели, едноставно не може да останат незабележани.

Успешно го одбележавме и Светскиот ден на мирот, 21 септември, прогласен од ООН, заедно со невладината ЦИВИЛ-Центар за слобода, а почнаа и училишните спортски игри во кошарка, фудбал за момчиња, како и во шах и во одбојка за девојки. Годинава, по 16. пат, успешно го организиравме турнирот во мал фудбал „Сокол“, но и Меѓународната детска ликовна колонија „Свети Пантелејмон“. Едноставно, не заостануваме со активности во сите сфери на живеење.

Се обидуваме да бидеме во тек со сите потреби на граѓаните, да не ги запоставиме ниту најнужните инфраструктурни потреби, па вршевме реконструкции во две училишта - „Јан Амос Коменски“ и „Војдан Чернодрински“, како и во градинката „Пролет“ во Влае.

Ни преостануваат уште неколку „градежни месеци“ со кои подготвено треба да ја пречекаме зимата. Општината и натаму останува посветена на своите граѓани.

Вашиот градоначалник Стевчо Јакимовски



Успешен настап на Карпош на најголемиот настан на општини во Југоисточна Европа NEXPO 2013

ЛОКАЛНИТЕ ВЛАСТИ ЧЕКОР ПОБЛИСКУ ДО ЕУ

Да се биде дел од НАЛАС, најголемата и најзначајната асоцијација на општините од 11 држави од Југоисточна Европа е чест и привилегија. Меѓутоа, да се учествува на нејзината најголема манифестација NEXPO 2013, која се одржува секои две години во различен град од Европа, е обврска и одговорност, како и голема контрибуција кон севкупниот регионален развој и исчекор кон Европа.

Токму таков настап имаше и Општина Карпош на неодамна одржаниот, втор по ред Саем на општини на ЈИЕ, кој годинава се одржа во Риека, Република Хрватска. „Да се поплочи патот до ЕУ интеграциите“ беше основната мисија на Меѓународниот саем на општини во Риека, кој заврши со усвојувањето на декларација усогласена од сите градоначалници присутни на овој меганастан.

Локалната самоуправа во Македонија најимпозантно ја претстави Општина Карпош, предводена од градоначалникот на Општината, Стевчо Јакимовски, претседателот на Советот на Општина Карпош, Сашо Лазаровски, петмина советници од најбројните советнички групи СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ и стручниот кадар на општинската администрација, како севкупен организатор на изложбениот саемски дел.

Двете централни теми на кои се дискутираше во тридневниот самит на локални управи на Југоисточна Европа беа „ЕУ-интеграциите“ и „ Енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија“.

Во политичкиот дел од NEXPO 2013, посветен на забрзаниот влез кон големото европско семејство, се одржа тркалезната маса на тема „Отстранете ги бариерите - ослободете ги вашите потенцијали“, модерирана од познатиот новинарски бард , главен уредник на „Ал Џезаира-Балкан“, Горан Милиќ, со забележителна дискусија на нашиот градоначалник Стевчо Јакимовски. На панел-дискусијата учествуваа уште пет градоначалници од Риека, земјата-домаќин, од Трзин - Словенија, Лулебургас - Турција, Вулкана Баи – Романија и Габрово - Бугарија, кои дадоа свој придонес кон дебатата колку општините и локалните или регионалните власти може да придонесат кон забрзување на патот кон Европската Унија.

Во својот дел од расправата општинскиот татко на Карпош истакна: „Република Македонија доби статус кандидат за земја-членка на ЕУ уште во 2005 година, кога многу земји од регионот Западен Балкан не беа уште ни држави, немаа потпишано ни

договор за стабилизација и асоцијација, а сè уште стои на исто место поради познатото банално прашање што го наметнува нашиот сосед. Тоа ја прави фрустрирана, но има и економски реперкусии во застој на инвестициите, врз невработеноста и низа други сфери.

Најголемиот дел општини во Македонија ја завршија втората, од вкупно три фази на процесот на децентрализација и кај сите постои политички консензус за пристап кон Унијата. Влијанието на европските фондови и средствата на ЕУ до кои можат да се селат преку локалните власти се од извонредно значење и најкраток пат до граѓаните, бидејќи токму општините се најблиски до нив и нивен сервис. Овие средства ни се неопходни во делот на управување со цврст отпад, водоснабдувањето, екологијата и енергетската ефикасност. Карпош како општина е потписник на Конвенцијата на градови 20-20-20 за енергетска ефикасност и употреба на обновливи извори на интензивно работи, како и на подигнување на нивото на транспарентност, на капацитетот на администрацијата, имплементацијата на европските безбедносни стандарди, а за остварување на тие цели ни се потребни токму европските фондови. Наша домашна задача е да ја довршиме децентрализацијата, а тоа подразбира поголемо управување со јавните финансии".

Претседавачот на НАЛАС, Антон Першак, истакна дека интеграцијата во ЕУ, и покрај финансиската и социјална криза, останува неизбежна цел за регионот на ЈИЕ, а локалните власти треба да играат витална улога не само за граѓаните и регионот, туку и за нивните централни влади. Конечно, на пленарната седница, беше заклучено дека локалните самоуправи не треба да бидат подизведувачи на централните власти, туку тие се пократкиот пат кон Европа.

Во двата саемски дена, Општина Карпош беше забележана по најимпозантниот штанд и најорганизиран настап, со лепеза од печатени материјали од сите сектори организирани од Секторот за локален економски развој, како носител на активноста во организацијата на настанот, при што него, освен градоначалникот на Риека, Војко Оберснел и министерот за управа и локална самоуправа во Владата на Хрватска, Арсен Баук, го посетија и многу други градоначалници, банкари и потенцијални инвеститори. Градоначалникот на Опатија Иво Дујмиќ, при посетата на штандот на Општина Карпош, со посебно задоволство понуди соработка со Општина Карпош во сите сегменти од локалната самоуправа.

Одделението за енергетска ефикасност од Општина Карпош, настапи на две специјализирани сесии и работилници, на кои ги презентираше најзначајните проекти и достигнувања во сферата на енергетската ефикасност во Општината, како и единствениот модел во Македонија и пошироко на Балканот, за субвенционирање на инвеститорите кои градат енергетско ефикасни градби на територијата на нашата локална самоуправа.

Виолета Цветковска









Кнут Лоренцен, претседател на EHEDG

ЕДУКАТИВНИ АКТИВНОСТИ ЗА ПОЗДРАВИ ПОКОЛЕНИЈА

На Меѓународната конференцијата за квалитет и безбедност за храна и хигиенско инженерство и дизајн (EHEDG), која се одржа месецов во Скопје, се разменија позитивни искуства и техники поврзани со оваа тематика

● **Добродојдовте господине Лоренцен, дали ова е Ваша прва посета на Македонија?**

- Не. Тука сум вторпат. Првпат дојдов во Македонија по повод учеството на првиот Светски конгрес за хигиенско инженерство и дизајн кој со одржа во септември 2011 година во Охрид, во организација на Консалтинг и тренинг центар „КЛУЧ“, седиште на Македонската регионална секција на EHEDG.

● **Вие сте претседател на EHEDG, кажете ни како функционира оваа организација и колку членки има во светот?**


- Наша задача е да ги пополнуваме постојните празнини во законската регулатива што се однесува на хигиенско инженерство и дизајн. Оваа регулатива е недоречена, односно не ги опфаќа специфичните барања за секоја гранка на прехранбената и фармацевтската индустрија. Затоа, ние пропишуваме документи, односно водичи кои на едноставен начин ги објаснуваат овие барања.

Во светски рамки располагаме со 1.100 членки, меѓу кои спаѓаат и повеќе реномирани компании и институции, како и индивидуални членки.

● **Општина Карпош има овластено лице за контрола и безбедност на храната во градинките и основните училишта, М-р Ирена Милевска. Дали сметате дека ова е неопходна активност за здравјето на најмладите и имате ли сознанија дали во другите земји на локално ниво постојат вакви тимови кои се грижат за оваа проблематика?**

- Мислам дека ова е неопходна активност, така што колку порано почнеме да ја применуваме, толку подобро. Во случајот, кога најмладите ќе ги запознаеме со оваа тема, ние практично уште од најмала возраст им всадуваме здрави животни навики. Јас сум свесен дека во другите земји во светот не се третира хигиенскиот дизајн, а особено не во градинките, што значи дека вие сте прва општина во светот што има назначено вакво лице што работи во оваа област. Колку што знам М-р Ирена Милевска одлично ја врши својата работа. Оваа активност и вашето искуство ние ќе се обидеме да ги пренесеме на други општини во светот.

● **Според нашите досегашни сознанија, Општина Карпош е единствената институционална членка на EHEDG во светот. Дали во нашата општина препознавате потенцијал за соработка и како за првпат дојде до неа?**



- Колку што јас сум запознаен, вашата Општина е единствената општина во светот која како институционална членка е дел од нашата организација. Претходната година, Македонската регионална секција на EHEDG организираше Конференција на која домаќин беше општината Карпош и градоначалникот Јакимовски, кој во таа пригода ја доби плакетата за членство и уште еднаш потврди дека ова е правилната насока во која треба да се движиме заедно.

● **Општина Карпош води особена грижа за здравјето на својата најмлада популација. Оттаму произлегува прашањето, кои се добивките од членувањето на нашата локална самоуправа во оваа меѓународна организација?**

- Како што спомнав претходно, Општина Карпош е прва општина членка на EHEDG, а вашиот градоначалник првиот во светот што ја сфати важноста на хигиенскиот дизајн и тоа го примени во практика. Нашата придобивка е што овој светол пример го гледаат и останатите градоначалници во светот и затоа веќе сериозно размислуваат да ста-

нат наши членки. Вашата придобивка од членувањето во EHEDG е тоа што можете да ги користите материјалите и тренинзите на EHEDG, со помош на кои вашите одговорни луѓе ќе бидат обучени и постојано информирани за најновите стандарди и прописи во однос на хигиенскиот инженеринг.

● **Како котира Македонската регионална секција на EHEDG во споредба со европските?**

- Македонската регионална секција на EHEDG е една од најактивните секции на EHEDG и ние сме импресионирани од нивната работа. Всушност, поради нивната добра работа, на Македонската регионална секција на EHEDG ѝ беше доделена организацијата на Првиот светски конгрес за хигиенско инженерство и дизајн на која дојдоа повеќе од 250 учесници од 32 земји од целиот свет. Овој конгрес беше најзначаен настан во прехранбената индустрија во светот во 2011 година, што само по себе зборува за работата на Македонската регионална секција. Токму оваа секција за член првпат во историјата на хигиенското инженерство има членка општина - Општина Карпош и ние сме горди со тоа и зборуваме за тоа насекаде во светот. Еве, и оваа Конференција за квалитет и безбедност на храна е во организација на Македонската регионална секција. Ние сме импресионирани и од Општина Карпош која како членка на EHEDG се претстави на Конференцијата како изложувач и на сите им покажа како треба да се сфати и примени хигиенскиот инженеринг и дизајн.

● **Како претседател на оваа меѓународна организација, во кој правец се насочени Вашите активности во наредниот период?**

- Наш приоритет во иднина е дисеминација на нашето знаење на глобално ниво. Ние располагаме со такво знаење и документи, но тие единствено се достапни на англиски јазик. Подоцна може оваа содржина да се преведе и поедностави на локалните јазици. Исто така, сакаме да ги обучиме луѓето и истиот материјал за обука да го доведеме на ниво на универзитети. Се надевам дека во иднина ќе имаме луѓе со магистерска титула од областа на хигиенскиот инженеринг.

Игор Ѓуровски

ВО ФОКУСОТ НА РЕНОМИРАНОТО НАУЧНО СЕМЕЈСТВО

На вториот работен ден на Меѓународната конференцијата за квалитет и безбедност за храна и хигиенско инженерство и дизајн (EHEDG) 2013, која се одржа во хотелот „Континентал“, Општина Карпош се претстави со своја видеопрезентација, на која беше ставен акцент на заложбите што локалната самоуправа ги прави на полето на контрола и безбедност на храната.

Презентацијата ја водеше стручно лице од Општината, м-р Ирена Калајџиева – Милевска, која пред присутните го претстави начинот на менаџирање со кујните во предучилишните установи. Беше истакнато дека целиот стручен, технички и медицински персонал од градинките помина низ обука со која стекна меѓународно признати сертификати за имплементација на HACCP-системот. Следствено на тоа, Општина Карпош, минатата година стана прва и единствена институционална членка на ова престижно тело за хигиенски инженеринг и дизајн. Во претставувањето, беше даден посебен осврт во справувањето со метаболитот на „аспергилус флавус“, еден вид мувла што лачи афлатоксин. Овој токсичен метаболит кој беше пронајден во млекото и млечните производи во соседните земји, ја вознемири македонската јавност на почетокот на годинава. Токму тоа беше една од темите на која Калајџиева-Милевска се осврна и меѓу другото истакна дека граѓаните на Општина Карпош треба да бидат спокојни за своите деца бидејќи сите четири градинки и нивните клонови користат млеко и млечни производи од македонски производители со проверен квалитет. Во рамките на оваа научна манифестација се одржа брокерски настан на кој домашните и странски компании, преку одржување на комерцијални презентации, се запознаа со своите идни клиенти и експерти од областа. Општина Карпош оствари тет-а-тет средби со највлијателната компанија во светот за изградба на водоводни и дренажни системи во фабрики, болници и училишни кујни – „АЦО Билдинг елементс“, со претставник од најголемиот производител на органски зеленчук и овошје од Индија – „ДГМ Корпорејт“, со директорот на Фитосанитарната управа при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и со бројни научни работници од земјава.



КАРПОШ ПОДГОТВЕН ЗА ЕСЕНТА

Во пресрет на есента, се менуваат и временските услови. Се збогуваме со долгите топли летни денови, ги очекуваме дождливите утра. За таа цел, Општина Карпош се погрижи за своите граѓани, пред сè за најмладите.



Градинката во Влае 1, која е клон на градинката „Пролет“, доби нов покрив, а изведбата на истиот е на „Дрво пром“.



Фирмата „Бауер БГ“ ја асфалтираше улицата Братфордска, со должина од 470 метри.



Фирмата „Боки МГ инженеринг“ го изведе покривот и санацијата на спортската сала во ООУ „Јан Амос Коменски“.

ИЗВЕСТУВАЊЕ

При извршен увид на ул. Козле од страна на стручната служба од пунктот за канализација при Општина Карпош, констатирано е дека кај најголем дел од објектите, атмосферските води од покривите се спроведуваат во фекалната канализација. Поради тоа во врнежливите периоди доаѓа до излевање на фекалната канализација во дворовите и по улиците. Се повикуваат граѓаните да ги отстранат олуците што ја спроведуваат атмосферската вода во канализацискиот одвод и да ја спроведат на улицата, на која се вградени соодветни сливници од атмосферска канализација. На овој начин ќе се спречи излевањето на фекалии при поројни дождови.

Општина Карпош ги известува граѓаните дека стручните служби на пунктот на ЈП „Водовод и канализација“, заедно со инспекциските служби на Општината, во наредниот период ќе спроведат инспекција на терен и ќе преземат санкциски мерки во согласност со законските прописи. Ова известување се однесува на сите граѓани од општина Карпош, кои од своите објекти ја спроведуваат атмосферската вода во фекалната канализација.



ООУ „Војдан Чернодрински“ доби нови тоалети и беше санирана спортската сала, а градежните работи ги изведе фирмата „Изградба комерц“.

LAPLAST-M
Момин Поток бб
1000 Скопје, Македонија
Телефон: +389 (02) 3097 007
Факс: +389 (02) 3095 800
www.laplast-m.com.mk

Одблиску со Наум Мојсовски

ВРЕДИ ДА СЕ ВЛОЖУВАШ ВО СПОРТОТ



Спроти победата на „Металург“ над „Вакер Тун“ во рамките на натпреварувањата во Лигата на шампионите, разговаравме, ни помалку ни повеќе, со еден од клучните носители на тој триумф, центарскиот бек Наум Мојсовски, исто така заслужен и за победата над милионерскиот тим од Франција, Пари Сен Жермен. Расположен за разговор, непосреден, опуштен како да не го очекува важен натпревар, нашиот репрезентативен ракометар зборуваше за македонскиот спорт, за сè што има или недостига во него, за својот труд да стане тоа што е, но и за надежите за иднината...

● **Како дел од легендарната генерација што го врати ракометот во фокусот на вниманието на јавноста, што Вам лично Ви значи овој спорт?**

- Ракометот е, слободно можам да речам, најважниот дел од мојот живот. Целосно му се посветувам од својата најрана младост зашто за да се успее во овој спорт, како и во секој друг, мора да се вложи многу време, многу напор, потребно е многу вежбање, заложба и многу саможртва. Сепак, кога ќе погледнам наназад, кога ќе размислам за тоа што сум го жртвувал, пред сè тука мислам на вечерните излегувања и дружби кои сум морал да ги избегнувам за да стигнам на тренинзи и да бидам подготвен и концентриран, не жалам воопшто.

● **Кога почнавте да се занимавате со ракомет, кога тоа стана професионализам и колку инвестиција е потребна за да се стигне до точката до која што сега сте?**

- Со ракомет се занимавам од својата шеснаесетта година, а со трансферот од РК „Струга Илинден“ во РК „Пелистер“, тој стана моја професионална ориентација. Се разбира, многу вложував во тоа да станам ова што сум денес, и на финансиски и на приватен план. Кога се парите во прашање, секое одење на тренинг беше трошок за моите родители, но кога нешто се сака, трошоците се занемарливи. На планот на приватноста, како што веќе кажав, жртвата се однесува на вложеното време, на трудот, на тренинзите во незатоплена сала до која се доаѓа со чизми за снег... Сето тоа е минливо и сета инвестиција се враќа. Се надевам дека овие генерации имаат подобри услови за работа од тие што ги имав јас кога почнував.

● **По „Пелистер“ и „Вардар ПРО“, игравте и во Шпанија, за во 2009 година повторно да се вра-**

тите во македонскиот ракомет во клубот „Металург“. Имате во тој поглед планови за понатаму?

- Засега сум во „Металург“ и својата енергија ја насочувам кон неговите успеси. Се разбира, и македонската репрезентација и ангажманите што ги носи таа ми се особено важни, затоа што честа да се игра за репрезентацијата е незаменлива, а чувството да се игра за националниот грб и знаме е најсилен мотив за успех.

- **Имавте ли досега во кариерата поддршка од државните институции?**

- Ниту една државна институција досега не застанала зад мене, ниту ми помогнала на кој било начин, ниту финансиски ниту како и да е поинаку. Се надевам дека тоа понатаму ќе се промени, ако не за мене, барем за идните генерации ракометари. Факт е дека ракометот е водечки спорт во Македонија, спорт кој носи извонредни резултати и ја промовира нашата земја и токму затоа овие спортисти заслужуваат поддршка од државата.

- **Дали, според Вас, Општина Карпош заслужено го носи епитетот најспортска општина во земјава?**

- Општина Карпош навистина многу вложува во спортот и во младите кои сакаат да се занимаваат со спорт. Им обезбедува извонредни услови за спортување на учениците, покровител е на многу спортски настани, организатор е на спортските лиги на училишно ниво, каде што е и зародишот на врвните спортисти, меѓу основците. Сето тоа придонесува за напредок на спортот воопшто. Се надевам дека во иднина Општината ќе почне да вложува и во ракометот, како што тоа го прави во кошарката, фудбалот и одбојката.

- **Како ја коментирате состојбата во спортот во земјава во споредба со другите земји. Патем, каде е во таа споредба Општина Карпош?**

- Состојбата во македонскиот спорт може да се каже дека последниве години се помрднува од мртвилото што претходно владееше со децении. Мој впечаток е дека одиме кон подобро, но кога се споредуваме со другите земји, особено со западноевропските, неспорно е дека сè уште сме далеку зад нив. Општина Карпош во тој поглед напредува, како што претходно кажав, со самото тоа што спортот го поддржува во неговиот зародиш, односно кај децата на најмлада возраст, во основните училишта, дава надеж дека состојбата ќе се измени кон уште подобро.

Што се однесува до македонскиот ракомет, се надевам дека споредбите наскоро ќе бидат уште попозитивни за Македонија, со доаѓањето на Стевче Алушевски, еден врвен ракометар, кој се вгради себеси во историјата на најголемите македонски ракометни успеси, на позицијата директор на Македонската машка сениорска ракометна репрезентација и со самото тоа очекувам во иднина репрезентативците да не мора да се грижат за тривијални работи кои досега беа нивна преокупација пред секој репрезентативен натпревар.



- **Ваша препорака за идните спортисти од Карпош и воопшто од Македонија.**

- На идните спортисти, на оние млади момчиња и девојки кои сега почнуваат да се занимаваат со спорт, би им препорачал да бидат ентузијасти до крај и да бидат максимално упорни во тоа што го почнале. Во ниту еден спорт не се успева ако не се вложиш целосно, ако не го дадеш својот максимум. Токму затоа, мора да знаат дека дури и кога условите не се сосема соодветни, кога тренираат во незагреана сала или кога до неа треба да дојдат пеш или со велосипед, дури и на минус 20 степени, сето тоа вреди и се исплатува. Само мора да бидат трпеливи и работливи.

Лилјана Петрушевска-Кочовска





КАРПОШ И ЦИВИЛ ГО ЧЕСТВУВАА МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА МИРОТ

Општина Карпош заедно со ЦИВИЛ-Центар за слобода на платото на ТЦ „Лептокарија“ на оригинален и креативен начин го одбележаа 21 септември, Светскиот ден на мирот и толеранцијата, со Отворен ден за деца и млади, кој беше посветен на човековите права и ненасилството. Своето чествување учесниците од Карпош го изразија преку сликарски творби и цртежи, а падна и првата клапа од документарниот филм на екипата на млади од Летната школа за камера, филмска продукција и водеоактивизам на ЦИВИЛ. По овој повод, на едно место, се спои младите креативци кои се дел од проектот на програмата на Цивица Мобилитас „Сите бои на мојата земја“ и младите и надежни ликовни уметници, учесници на ликовната колонија „Свети Пантелејмон“, која традиционално ја организира Општина Карпош.

Поздравувајќи го овој настан, претседателот на Советот на Општина Карпош, Сашо Лазаровски, истакна дека нашата општина сестрано и посветено работи со младата популација, во насока на развивање на нивниот хуманистички и демократски капацитет.

- Заложба на Општина Карпош е да се погодат вистинските етички вредности и во таа насока да се едуцираат младите и да се поттикнува и насочува развојот на нашите деца – рече Лазаровски.

Во своето пригодно обраќање, пак, претседателот на ЦИВИЛ, Џабир Дерала, истакна дека не случајно, Меѓународниот ден на мирот се чествува во Општина Карпош, затоа што токму од Карпош може да се испрати моќна порака за мир.

Општина Карпош од ЦИВИЛ доби и благодарница за посебен придонес и поддршка на проектот „Сите бои на мојата земја“.

В.Ц.

ДЕНОВИ НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Проектот „Отворени денови на социјална заштита во руралните средини“, кој ќе се реализира од септември до ноември 2013 година, е соработка меѓу Министерството за труд и социјална политика и Општина Карпош.

Во просториите на клонот на ООУ „Братство“ во Горно Нерези, се собраа граѓаните од ова населено место, каде разговараа со стручните лица од ова Министерство за своите лични проблеми кои влегуваат во сферата на социјалната заштита. Преку дијалог, како активни носители во реализација на овој проект, се вклучија и лицата вработени во Одделението за детска, социјална и здравствена заштита при Општина Карпош.

Целта на овој проект е да обезбеди информирање на жителите од руралните средини за правата и услугите од социјална заштита, а воедно нуди и подлабоко навлегување на социјалната работа и со-



цијалните услуги во локалната заедница. Оваа активност опфаќа посета на неколку населени места еднаш неделно, преку остварување на директни средби со локалното население кое има потреба од социјална заштита.

Од особена важност е воспоставувањето на координираната соработка и активното учество на државните и локалните служби во преземањето на предвидените мерки за социјална заштита. Инаку, соработката со социјално загрозените лица е редовна практика за Општина Карпош, која е прогласена за општина со најголема социјална инклузија. Показател за тоа е функционирањето на Одделението за детска, социјална и здравствена заштита, кое е еден од ретките ресори кои постојат во рамките на локалните самоуправи од нашата држава.

И.Ѓ.



ЗАВРШЕНА ОБУКАТА НА ЕДИНИЦАТА ЗА СПАСУВАЊЕ

Кон крајот на август годинава, во Центарот за едукација и рекреација „Солферино“ во Струга, Просторната единица за заштита и спасување на затворени и отворени води при Одделението за заштита и спасување на Општина Карпош, ја комплетираше својата обука предвидена со Програмата за 2013 година.

Обуката ја одржаа меѓународен инструктор за безбедност на вода, двајца национални инструктори, помлад национален инструктор, меѓународен тренер од областа на првата неодложна медицинска помош, меѓународен инструктор од областа на подготвеноста и дејствувањето во случај на природни катастрофи и специјализирана фирма од областа на противпожарната заштита.

Со оваа обука припадниците на Просторната единица за заштита и спасување на затворени и отворени води, ги совладаа повеќето вештини за спасување на отворени води. По завршената обука на единицата, припадниците стекнаа звање спасители и помлади спасители на отворени и затворени води.

М.Г.

ЖЕНИТЕ ОД КАРПОШ И ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ

Во Клубот на пензионери во Тафталице 2, кон средината на септември, Организацијата на жени на Карпош, чиј помагач е Општината, одржа средба на своите членки со предавање на тема „Односот и влијанието на медиумите врз јавното мислење“.

Гостин-предавач на вечерта беше Петар Карајанов, пензиониран новинар и публицист, добитник на државната награда за достигнувања во публицистиката и новинарството „Мито Хаџи Василев - Јасмин“ во 2003 година. Карајанов, кој целиот свој работен век му го посветил на ангажманот на полето на информациите, покрај за историјатот на медиумите на македонско тло, зборуваше и за нивното влијание врз јавното мислење, особено за новите видови медиуми кои особено бргу ја распространуваат информацијата и кои битно го променија изгледот на медиумскиот пазар во Македонија и во светот.

И.М.

ПРИЗНАНИЕ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА КАРАТЕТО

На почетокот на изминатиот месец, градоначалникот на Општина Карпош доби плакета-благодарница за унапредување на спортот, со посебна заслуга за развојот на карате во Македонија, од Карате-клубот „Аеродром“.



Овој карате-клуб петта година по ред организираше „Вадодан-ден“, ден за дружба на вадорју карате-мајсторите и шотокан-мајсторите од Македонија, кој годинава се одржа во Сарај. На денот за дружба, посебни благодарници за унапредувањето на спортот во Македонија добија повеќе личности заслужни за развојот на карате, а меѓу нив: Живко Аврамов, Ѓорѓи Тасевски, Владе Мирчевски, Исмет Мехмети, Бесник Мурати, Драган Стојановски, Чедомир Саздовски, Јован Јакимовски, Петар Ѓозев и Цветко Кузевски од Македонија и Димитар Тренков и Стојан Геков од Бугарија.

Посебна благодарница, со потпис од сите вадорју-мајстори присутни на манифестацијата, доби општинскиот татко Стевчо Јакимовски, како особено заслужен за промоцијата на карате-спортот во Македонија и за унапредување на спортот воопшто.

Л.П.К.

ФОЛКЛОРЕН И НАВИВАЧКИ ДУХ ЗА КРАЈ НА „КАРПОШОВО КУЛТУРНО ЛЕТО 2013“



Во извонредна атмосфера, со звуците на македонскиот фолклор и со навивачки дух заврши шестото по ред „Карпошово културно лето 2013“.

Зуица Лазова и Наум Петрески речиси час и половина ја забавуваа публиката со своите најголеми фолк-хитови, но и со многу други познати песни од богатиот македонски мелос, а пријатното расположение меѓу присутните карпошани и гости кулминираше со оро. По нивниот концерт, аудиториумот се исполни со навивачка енергија, зашто на голем видеоекран присутните имаа можност заедно да го проследат натпреварот меѓу кошаркарските репрезентации на Македонија и на Литванија.

Крајот на „Карпошово културно лето 2013“, кое, шеста година по ред, го организира Општина Карпош, уште еднаш го презентира слухот на Општината за потребите на своите жители. Во текот на манифестацијата, која траеше три недели, беа опфатени многу содржини со намера да се задоволи сечиј вкус. Меѓу музичките содржини особено се издвојуваа концертите на „Црвена јабука“, Каролина Гочева, Петар Ренцов и „Тумбао салса бенд“, но многу внимание привлекоа и авторската вечер на Огнен Неделковски и ретронокта со Вера Јанковиќ и со Драган Б. Костиќ. Мјузиклот „Чевел“ и стендап-наступите на Весна Петрушевска, Бојан Велески, Ефтим Трајчов-Ѓаурски и на Никола Тодороски беа во фокусот на вниманието на љубителите на театарската уметност, но и обожавателите на филмот имаа своја вечер со репродукција на „Салата Македонија“. За вљубениците во балканскиот фолклор, Општина Карпош ги донесе „Зоруле“ од Нови Сад и КУД „Пролетер“ од Сараево, а со ветување за уште побогата програма за следната година, „Карпошово културно лето 2013“ спектакуларно го затвори најпознатиот брачен пар на македонската фолк-естрада, Зуица Лазова и Наум Петрески.

Л.П.К.





МЛАДИ УМЕТНИЦИ НА 7. ДЕТСКА СЛИКАРСКА КОЛОНИЈА

Општина Карпош и „Детскиот ликовен центар“, седми пат по ред ја организираа Меѓународната детска ликовна колонија „Св.Пантелјмон“. Манастирскиот комплекс беше местото на кое 30 млади сликарски таленти од десетте основни училишта од Општината, ги истакнаа своите амбиции во уметноста. Традиционалната манифестација со поздравен говор ја отвори градоначалникот на општина Карпош, Стевчо Јакимовски.

- Мило ми е што Општина Карпош, како покровител, ја поттикнува креативноста на младите кои имаат афинитет за ликовна уметност, со што придонесува за нивна ориентација кон уметноста како професија - рече првиот човек на Општината. Учениците работеа на тема мотиви од манастирот и природните убавини на планината Водно, а на затворањето на ликовната колонија, кое се одржа на платото „Лептокарија“, имаа можност да ги истакнат своите идеи и инспирација по слободен избор како и мотиви од Општина Карпош: урбана архитектура, пејзаж, реални, фантастични и апстрактни мотиви. Сите ликовни учесници, како и соработници на проектот, добија дипломи и благодарници на оваа традиционална манифестација од културно-ликовен карактер.

М.Г.

ЛИКОВНО ПРИЗНАНИЕ ЗА ОПШТИНА КАРПОШ

Општина Карпош доби благодарница од Градското здружение на ликовните педагози од Скопје, по повод активното учество во реализацијата на детскиот ликовен образовен камп „Вангел Коџоман“, кој се одржа во Струга.

На шестиот традиционален ликовен камп, меѓу останатите млади таленти, учествуваа и 45 ученици од Карпош, предводени од наставниците по ликовно образование Илија Богоевски од ООУ„Јан Амос Коменски“, Лилјана Ружиновска од ООУ„Вера Цировири-Трена“ и Марица Бакоч од ООУ„Владо Тасевски“. Оваа благодарница претставува уште една јавна потврда за несебичниот ангажман и посветеност на локалната самоуправа на полето на образовниот процес и поттикнување на креативноста кај учениците кои имаат уметнички амбиции. **И.Ѓ.**

УМЕТНИЧКИ РАКОТВОРБИ
МА МОНО АРТ
ДЕКОРАТИВНИ УКРАСИ
ТЦ Техника Ул. Никола Русински бр. 15 лок. 132 спроти Сити Мол
тел. 077/892-059
marketkonekt.com
jov.box@gmail.com

„ЗЕЛЕНИТЕ СТАПАЛЧИЊА“ ПОВТОРНО ЧЕКОРЕА НИЗ КАРПОШ

Учениците од ООУ „Јан Амос Коменски“, вторпат годинава, го одбележаа Денот без автомобили со реализација на проектот „Зелени стапалчиња“.

- Сите ученици на свој начин дадоа придонес во реализацијата на овој проект. Учениците од шесто одделение, рано утрото, на автомобилите на родителите оставаа летоци со пораки за поретка употреба на автомобилите и за зачувување на животната средина, второодделенците направија цртежи, третоодделенците пишуваа пораки, учениците од четврто и од петто одделение подготвија знаменца и зелени стапалчиња и учествуваа во еко-парадата... – ни појасни Александра Блажевска, предметен наставник од ООУ „Јан Амос Коменски“ и координаторка на проектот „Зелени стапалчиња“.

Проектот првпат беше реализиран минатата година во рамките на истоименатa интернационална кампања, организирана од Алијансата на градови и општини со седиште во Франкфурт.



- Најважно во врска со овој настан е тоа што, активностите на учениците и годинава, со специјален извештај, ќе бидат претставени на 19. Самит на ОН за заштита на климата и тоа под уставното име на нашата земја. На тој начин им покажуваме на политичарите од целиот свет дека и учениците од Карпош се грижат за зачувување на природата – со гордост вели Блажевска, координаторката на проектот.

Л.П.К.



ПЕТТООДДЕЛЕНЦИТЕ ОД „ПЕТАР ПОП-АРСОВ“ НА ГОСТИ КАЈ ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Три паралелки од петто одделение од ООУ „Петар Поп Арсов“ беа во посета на локалната самоуправа, како дел од програмата по општествено запознавање на Општина Карпош и начинот на нејзиното функционирање и раководење. Градоначалникот Стевчо Јакимовски одговараше на безброј прашања од учениците во врска со општите податоци, како: колку жители има Карпош, колку години постои Општината, како се организира општинската администрација, дали е тешко да се биде градоначалник, колку време се подготвува весникот „Карпош Урбан“... Тие му се заблагодарија за досегашниот ангажман околу нивното училиште и за грижата како општински татко за младата популација. Јакимовски од учениците доби и подарок - цртеж во форма на знамето на Општината и му прочитаа песнички на тема „Нашата општина“. Патем, тие се распрашуваа што ново ќе добие нивното училиште на што тој им одговори дека тоа ќе биде базен (отворен и затворен), фудбалско игралиште со вештачка трева, одбојка на песок и кафуле.

И.М.

Интернационалната градинка ИПС и Општина Карпош

УСПЕШНО ЈАВНО-ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО

Марија Михаиловиќ-Атанасовски и Тања Цветановски-Тодоровски, се две млади и успешни дами, кои за „Карпош Урбан“ ја раскажаа својата извонредна бизнис-приказна. Тие се основачки на Интернационалната градинка ИПС (International playschool IPS), која постои веќе 15 години, а последните две е во јавно-приватно партнерство со Општина Карпош со лиценца за работа од Министерството за труд и социјална политика.

- Нашиот проект за интернационална градинка наиде на поддршка од Општината, која ни изнајми простор со извонредни услови. Во прекрасен објект, со модерен дизајн, со соодветен за намената мебел, ние работиме во три двојазични и четири интернационални групи. Згрижуваме 120 деца, колку што е капацитетот на градинката, а интересот е толку голем што имаме и листа за чекање, на која веќе извесен период се имињата на триесетина дечиња – ни објаснува Марија.

Откако почнале со работа, кога идејата била да згрижуваат деца на странски државјани со привремен престој во Македонија, почувствувале дека и наши граѓани сакаат да ги носат своите деца во градинка каде од најмала возраст, низ игра, ќе го усовршуваат англискиот јазик. Тогаш ги отвориле и двојазичните групи, во кои деца на наши сограѓани ја следат програмата паралелно на англиски и на македонски јазик.







- Програмата, според која работиме, овозможува секое дете да ја изрази својата индивидуалност и креативност. Нашиот пристап е да се учи низ игра, децата сами да ја задоволуваат својата љубопитност – вели Тања.

И обете се согласуваат дека работата им е најголемо задоволство и токму затоа би сакале, доколку има услови, да ја прошират својата дејност.

- Навистина не ни се допаѓа да имаме листа на чекање, но просторните услови засега дозволуваат да згрижиме само 120 деца. Се надевам дека наскоро ќе можеме да им излеземе во пресрет на сите, особено зашто интересот меѓу карпошани е најголем, па речиси 90 проценти од децата што доаѓаат во нашата градинка се од оваа општина, но има и деца од други општини – завршуваат Тања и Марија.

Л.П.К.

Пензионираниот полковник Трпе Панчевски, воздухопловен инженер, резбар, сликар...

ДОБРИОТ ЧОВЕК И ПТИЦИТЕ ГО ПРЕПОЗНАВААТ

„Во животот не сум направил ништо, ако лично не бев убеден во нештата“. Кога тоа ќе го изговори пензиониран висок офицер на авијацијата на некогашната ЈНА, ќе ви стане јасно дека е тоа вистина, бидејќи тоа го кажува човекот што длабоко зачекорил во десеттата деценија од животот, а изгледа дваесеттина години помлад.

Додека неговата поубава половина, две години помлада сопруга Марика, ни подготвува кафе, не може да не се прашате дали е вистина дека нашите домаќини навистина имаат толку години, а вака изгледаат. „И не дека во животот немав среќа, но навистина, до ден денешен, го работам тоа што го сакам“, вели полковникот Трпе Панчевски.

А тоа што го работел, и сè уште го работи, е и повод за нашата посета на семејството Панчевски.

- Колегата Живко, „заложник“ на факти и филигранска прецизност, по двапати прашува за годината во која се случило она за што полковникот Трпе ни раскажува. А пак, неговата приказна е фасцинантен синопсис за убав игран филм, бидејќи од неговото одење во партизани, преку школувањето во Советскиот Сојуз и враќањето во Скопје, па заминување за Белград, има романтични, но и драмски заплети, кои само животот може да ги испишува.

Полковникот е иноватор, самоук резбар, мајстор за правење виолини, столар, сликар и пријател на природата и на птиците, а секоја од тие сфери на неговото битисување е приказна која заслужува внимание.

- Иако во армијата случајно се активирав, во неа, со големо задоволство го поминав целиот работен век. Имав среќа како млад офицер да иновирам една направа за прецизно точење на гориво во авионите и оттогаш добивав само раководни места, и тоа секогаш во военото воздухопловство... Еден ден, следејќи ја својата интуиција, одлучив да одам во пензија. Од командата во Белград ми велеа да останам, дека заслужувам генерални чин, но јас одлучив и си заминав во пензија.

Во приказната на полковникот Трпе, одвременавреме се вклучува госпоѓата Марика, да го дополни и да ја скрати приказната во која се задлабочува и раскажувачот. При една таква нејзина „интервенција“, ја прашуваме, како полковникот успеал да ја „измами“.

- Не знам кој кого измами, но тоа беше на едно матине, во Офицерскиот дом. Јас одев со другарка ми, го забележав кога влезе и на другарката и` рековдека сакам да ја земам за жена. Тоа им го соопштив и на претпоставените, но тие рекоа дека правилата во војската се поинакви. „Ако се поинакви, јас ќе се демобилизирам“, им реков и така ми дозволија да се оженам... – раскажува Панчевски.



На ѕидовите во станот на Панчевски - десетина резби, чиниш лично големиот Гарка ги правел. Дознаваме дека полковникот ги правел откако заминал во пензија и дека немал учител, ниту некој во фамилијата, кој се занимавал со копаничарство.

- И сиот мебел што го гледате во станов е негово дело - вели госпоѓа Марика. Ако изненадувањето од резбите на ѕидовите беше целосно, глетката на фотељите, масите, столчињата и на троседот нè оставија без зборови. Некој самоук тоа да го направи, не е за верување. Гласно го велиме тоа, а тогаш полковникот нè носи во спалната соба и ни покажува виолини што самиот ги изработил. Едната, која ја доработува, е вистинско ремек-дело. Сепак, тие треба да се видат за да се сфати за каков мајстор станува збор.

На заминување, полковникот ни ја раскажа приказната за неговиот канаринец.

- Во едно дрво, едно утро, на аеродромот „Петровец“, го здогледав гнездото и на еден војник му реков да го варди, бидејќи ако нешто му се случи, мене ќе ми одговара. Тој го чуваше гнездото, а јас го надгледував и кога канаринчињата излегоа, зедов едно и си го донесов дома. Го хранев, дури кафез му направив, еве овој што го гледате на орманот. Кога почна да пее, хранејќи го, жената заборавила да го затвори кафезот и тој одлетал низ прозорец. Ние уште не го прежаливме, а тој вечерта сам си долета во кафезот – ни раскажува Панчевски, завршувајќи со тоа дека оттогаш и не го затворале канаринецот в кафез, туку живеел со нив, како член на семејство.

Госпоѓата Марика го дополнува.

- Најинтересно е што канаринецот со него другаруваше, му слетуваше на главата и се галеше како мало дете. Кога ручавме, тој ќе слеташе на работ на неговата чинија и заедно си јадеа... Навистина, на човек да не му се верува – вели домаќинката, на што полковникот додава дека во животот научил дека животните ги препознаваат добрите луѓе, без разлика дали се работи за полковник или пољак.

М. Раденковиќ
Ж. Трајановски

МАРТИНИ
КАФЕ БАР
www.martinicaffe.mk

ENRIKO
pizza & pasta

СКАРА БАР
ГОСТИЛНИЦА
Телефон за контакт: 075 727 110

Giovani
LOUNGE RESTAURANT
Контакт телефон 02/ 30 63 228
Моб: 070 383 203; 072 224 668

Од проект до реализација
SDI®
ПЛАКАРИ
SDI plus
e-mail: contact@sdi.com.mk
Адреса: Бул. Партизански одреди 127
Тел: 02/ 3079 - 200
www.sdi.com.mk

ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ
ЕКО - ОДГОВОРНОСТ
ЕУРО - ЕКОПАК ДОО
Систем за одржлив развој
тел/факс: 02/6138 - 390
info@euroekopak.mk
www.euroekopak.mk

Стефано-97
stefano@mol.com.mk
www.stefano-97.com.mk
Партизански одреди 119
1000 Скопје Македонија
тел. 02 3064 558
факс. 02 3064 574
KTM
BIKE INDUSTRIES
THULE
SWEDEN

СЕ ЗА ВАШАТА ГРАДИНА
MTD
Тел. 02/ 3063 286 - Тафталиџе
www.feroelektro.mk
ЕЛЕКТРИЧНИ И БЕНЗИНСКИ КОСИЛКИ
ПРСКАЛКИ ЗА ТРЕВА
ТРАКТОР КОСИЛКИ
БАЗЕНИ INTEX

RACE PLACE
Closest to reality
Skopje City Mall - втор кат, Скопје
Тел. +389 (0)2 3100 271
Е-пошта: contact@raceplace.mk

TIVES®
italian style
T.C. Leptokarija
ul. Nikola Rusinski 3b lok 15
Tel. +389 (2) 61 31 250
www.tives.com.mk

Прва награда за младите музичари од „Етнос“

БАРДОВСКО ПЛОДНО ТЛО ЗА НЕГУВАЊЕ НА ФОЛКЛОРОТ



Млади музички таленти од Карпош, четири момчиња од Бардовци и едно од Карпош 1, во рамките на Фолклорното друштво „Етнос“, годинава остварија завиден успех. Христијан Мицевски, Новица Крстевски, Јане Крстевски и Ѓеоргиј Мицевски од Бардовци, Бојан Дичовски од Карпош 1 и Петар Ристовски од Даме Груев, на 45. Меѓународен фолклорен фестивал „Закопане“ во Полска, кон крајот на август годинава, со својот музички перформанс на фолклорен сплет од македонски ора, освоија една прва награда и една специјална награда.

- Специјална награда, за зачувување на традицијата на звукот на кавалот, доби Новица Крстевски, благодарение на неговиот талент и големиот ентузијазам, но и поради тоа што во европски и во светски рамки особено се ценат млади луѓе кои се обидуваат да ја зачуваат традицијата – вели Ване Наков од Фолклорното друштво „Етнос“ и додава дека исто толку значаен е и златниот медал што оркестарот го освоил на ова натпреварување.

Момчињата со големо задоволство зборуваат за ова натпреварување, кое за нив било големо искуство, а за некои од нив, дури било и прва турнеја од тој тип.

- Навистина е големо задоволството да се победи на еден интернационален натпревар, во голема конкуренција, особено ако се има предвид дека времето за подготовка ни беше ограничено на само еден месец, односно на седум проби – вели хармоникашот Христијан. Неговиот помал брат, тапанцијата Ѓеоргиј, додава дека тоа што за нив почнало како игра, како меѓусебен натпревар, прераснало во вистински ангажман, кој, бидејќи претставувал нивно големо задоволство, на крајот бил закитен и со награда.

Но, наградата на интернационалниот натпревар во Полска не е прва за овие талентирани момчиња. Во текот на годината, како што ни раскажа тамбурашот Јане Крстевски, биле наградени и за настапот со детскиот ансамбл на меѓународен натпревар во Италија и за перформансот со сениорскиот ансамбл на уште едно интернационално натпреварување во Полска.

- Ние, навистина многу кратко постоиме како посебен сегмент од Фолклорното друштво „Етнос“, едвај неколку месеци, но љубовта кон музиката, кон фолклорниот звук, е тоа што нè спојува и овозможи за толку кусо време да станеме носители на меѓународни признанија – вели кавалцијата Новица, кој е добитник и на специјалната награда за зачувување на традицијата на звукот на кавалот.

Во поглед на патувањето, овие млади таленти се согласни околу впечатокот дека манифестацијата била особено добро организирана, но и многу посетена.

- Речиси и не се слушавме самите себеси додека свиревме, толку громогласен беше аплаузот за нашиот настап – со воодушевување ни раскажа гитаристот Петар.

Момчињата велат дека нивниот ангажман околу презентацијата на Македонија, преку нејзиниот фолклор, за нив, тукушто почнал и ветуваат уште многу интернационални награди.

Л.П.К.

ПРОДАЖБА НА ГОЛЕМО И МАЛО

ЛАМИНАТИ
ТРОСЛОЕН ПАРКЕТ
ПВЦ ЛАЈСНИ
ГИПС КАРТОН
ПРОФИЛИ И ПРИБОР ЗА СУВА ГРАДБА
ЛЕКСАН - ПОЛИКАРБОНАТНИ ПЛОЧИ
СПУШТЕНИ ПЛАФОНИ
ФАСАДНИ СИСТЕМИ

РИТАМ ТРЕЈД
Д.О.О УВОЗ - ИЗВОЗ
центар за сува градба

Тел: 02/ 2040 - 572; 075/ 423 - 034
Адреса: ул. Женевска бр.3
www. ritamtrejd.com.mk

Диџеј Филип Запров за впечатоците од „Карпошово културно лето 2013“

КАРПОШ Е ЗАКОН

Филип Запров, на својата публика попознат како диџеј Флип, е дванаесетгодишниот карпошанин што летово ја забавуваше публиката на „Карпошово културно лето 2013“ на почетокот на повеќе настани во рамките на тринеделната манифестација. Ученик е во ООУ „Војдан Чернодрински“, но за училиштето не сака многу да зборува. Вели дека омилен предмет му е музичка култура, што е и разбирливо за некој што сака да се занимава со музика, но школските обврски ги остава таму – во училишната клупа.

За своите настапи како диџеј Флип, зборува со младешки вознес кој му прилега на годините. Вели дека првиот контакт со организаторите на „Карпошово културно лето 2013“ бил сосема случаен, иницира од него лично.

- На еден од настаните што се случуваше на плоштадот кај „Млечен ресторан“ бев во публиката и додека почна настанот, ми беше навистина здодевно. Му пријдов на еден од организаторите и му реков дека публиката ќе се разотиде уште пред да почне настанот ако не пуштат поинтересна музика. Му предложив за некој од настаните да ме викне мене. Така почна... Ме викнаа да пуштам музика пред почетокот на концертот на Каролина. Тоа беше мојот прв голем настап. Имав трема и се чувствував навистина чудно, ама помина супер – сè уште под силно влијание на впечатоците раскажува Филип.

Настапот на овој концерт, кој беше најмасовно посетен во рамките на „Карпошово културно лето 2013“, му обезбедил ангажман и за уште неколку други настани до крајот на манифестацијата. Диџеј Флип, полн самодоверба, вели дека и не очекувал толку позитивни реакции од публиката. Толку им се допаднал на карпошани, што почнале да го канат на приватни роденденски забави да ги забавува гостите.

- Ме ангажираат во клубот „Вулкан“, најчесто за викендите кога има забави за младите од мојата генерација. Пуштам музика на нивните роденденски забави и тоа ми е сега најголемо задоволство – вели Филип.

Кога е музиката во прашање, младиот диџеј смета дека популарната музика ја истиснува квалитетната музика од медиумите.

- Јас најмногу сакам дабстеп, музика во која преовладува електронскиот звук, но на забавите миксам хитови зашто публиката најдобро се забавува со таков вид музика.



Тоа се песни кои се особено слушани, често застапени во медиумите, на радијата и на телевизиите, па младите се навикнати да ги слушаат и затоа уживаат во нив – стручно ни појаснува Филип.

Во поглед на неговите планови за идни настапи, вели дека и понатаму е во контакт со организаторите на „Карпошово културно лето 2013“ и дека со задоволство би настапил повторно на која било манифестација организирана од Општина Карпош зашто, како што рече самиот тој, „Карпош е закон“.

Л.П.К.



Д-р Јадранка Бибан

ЗДРАВИОТ НАЧИН НА ИСХРАНА, НЕОПХОДЕН ЗА ДОЛГ ЖИВОТ

Во последните неколку години, конечно, современиот човек почна да го разбира значењето на здравата исхрана. Брзиот начин на живеење, проследен со работа, семејни обврски и различни стресни ситуации, влијае на нашето здравје и на нашиот живот воопшто. Затоа, денес, кога веќе знаеме дека брзата и генетски модифицираната храна е лош избор, можеме да свртиме нов лист во животот и да почнеме здраво да се храниме

Водењето здрав живот значи применување на здрави навики во исхраната, редовна физичка активност, но и позитивна мисла. За оваа тематика побаравме стручно мислење од спец. д-р Јадранка Бибан, која е експерт и едукатор за лекување болести со храна и со здрави животни навики.

- **Колку луѓето знаат здраво да живеат?**

- Луѓето сакаат да изгледаат добро, да се чувствуваат добро, да имаат здрав и квалитетен живот. Но, многумина ги немаат тие можности. Всушност, не се работи за тоа дека можностите за такво нешто се недостижни, туку многу повеќе се работи за фактот што повеќето луѓе ги немаат клучните информации за тоа како да ги постигнат саканите резултати во заштитата и лекувањето на болестите на современиот живот. Затоа, милиони луѓе во современиот свет се борат со тешки болести, како што се дијабетес, карциноми, дебелина, автоимуни болести, алергии, анемии, срцеви болести, опстипација, гинеколошки нарушувања, стерилитети... Но, и покрај тоа, можам со сигурност да кажам дека секојдневно луѓето се будат и ги запознаваат вистинските вредности на животот, вистинските приоритети, кои водат до здравје и до живот какви што заслужува човекот.

- **Дали луѓето се доволно информирани за болестите што произлегуваат од нездравата и неурамнотежена исхрана?**

- Едукацијата на луѓето во врска со потеклото и лекувањето на современите болести е од клучно значење за прифаќање на исхраната и животниот стил како основен лек. Фармацевтските препарати и методи не се моќни и со нив не се постигнува лекување на овие болести. Дури и современата медицина сосема отворено зборува за тоа дека нејзините методи на лекување на овие болести се симптоматски, односно тоа се методи со кои болеста суштински не се лекува, туку само се држат под контрола некои нејзини симптоми. Токму затоа, повеќето пациенти што се борат со дијабетес тип 2, остеопороза, карцином, автоимуни заболувања, алергии, болести на дигестивниот тракт, срцеви болести и сл., како по правило ја прифаќаат болеста како неизлечива и доживотна. На тој начин голем процент од луѓето од современиот свет стануваат редовни потрошувачи на лекови од кои не само што немаат ефект во лекување на болеста, туку со текот на времето почнуваат со „лекување“ на несаканите ефекти од таквата терапија. Така, од ден на ден,е нив-



ното здравје наместо да се подобрува, се влошува, нивната домашна аптека се збогатува и финансиски се загрозува целото семејство, а сепак нема никаков ефект во лекувањето.

- **Дали храната навистина може да излечи болест?**

- Исхраната и животните навики се основен пристап во лекување на современите хронични болести. Треба секогаш да се има предвид дека овие болести не се болест на само еден орган, туку на целиот организам и се лекуваат со лекување на целиот организам. За да се направи тоа, нема потреба од некаков специфичен лек кој би се набавил во аптека или, пак, некој специфичен „пијалок“, за кој луѓето сакаат многу често да кажат дека токму тоа е некој „природен лек“. Всушност, за лекување на современите болести потребна е „мобилизација“ и правилна физиологија на целиот метаболизам на организмот, а тоа се постигнува со консумирање здрава и правилно балансирана храна. Храната е лек и лекот е храна... Тоа не е само легендарна изрека на Хипократ, туку суштина на правилната функција на човечкиот организам.

- **Дали промовирањето здрава храна може да помогне да се зголеми свеста кај луѓето за водење здрав живот?**

- Проектот „Осумка“, кој го создадов пред десетина години, уште оттогаш почна со промовирање на храната како лек за современите хронични болести. Морам да напомнам дека промоцијата на таканаречената здрава храна во јавноста, не секогаш им нуди на луѓето вистински информации кои би им помогнале во правилното прифаќање на начинот на исхрана. Маркетингот и комерцијалните цели на многу производители на храна, како и на оние кои тргуваат со храна, многу често даваат погрешни правци и погрешни насоки кон храната како лек. Така, на полиците за здрава храна се наоѓаат производи кои се далеку од вистинска здрава храна. Често во декларациите на производите може да се прочитаат многу нездрави состојки во составот на храната, како растителни масти, транс-масти, шеќери, подобрувачи на вкус, стабилизатори и сл. Со нив се губи моќта на дејствување на здравата храна и луѓето повторно се принудени да се свртат кон фармацијата како единствен избор во лекување на болестите.

- **Вие го промовирате веганскиот начин на исхрана. Дали ова е најздравиот начин на исхрана?**

- Да, веганската храна е основа на здравата исхрана. Многу често на оваа тема се водат полемики за тоа дека веганската храна не ги обезбедува сите потребни хранливи материи за човекот. Противниците на веганството одат до таму што наведуваат податоци дека животинската храна е неопходна за развојот на децата, за правилна физиологија на организмот на спортистите, за здрави коски итн. Наспроти нив, студиските истражувања покажуваат дека веганската храна ги содржи сите неопходни состојки кои треба да ги има во исхраната на човекот, освен витаминот Б12 и витаминот Д. Но, за волја на вистината, овие два витамини не ги создаваат животинските организми. Витаминот Б12 се создава од бактерии, додека витаминот Д се создава во човечкиот организам под дејство на сончева светлина. Освен овие два, во веганската храна се содржат сите други витамини, повеќе од доволни количества протеини, масти и јаглени хидрати, но и минерали и многу други и различни форми на антиоксиданси кои се вистински борци во битката со тешките современи хронични болести. Веганската исхрана на која се базира програмата на „Осумка“ покажа дека таа е фактор за успешно лекување на современите хронични болести, како што се: дебелината, дијабетесот, анемии, алергии, болести на дигестивниот тракт, срцеви болести и уште многу други. Во комбинација со умерени физички вежби и вежби за контрола на стресот, здравата исхрана е вистински избор за обезбедување здрав и квалитетен живот на современиот човек.

Анета Манчевска



BetaMedico Trading, www.betamedico.com.mk, betamed@t-home.mk, тел. 02 3246 698
Аптека Бета Фармација: Иван Милутиновиќ 24; Рузвелтова 28/1, лок.2, 1000 Скопје



Аквадукт и Скупи

ВРВНИ СПОМЕНИЦИ ОД ВРЕМЕТО НА РИМСКАТА ИМПЕРИЈА

Во недопрена природа, во тивкиот дел од населбата Визбегово, се наоѓа Скопскиот аквадукт. На север од центарот на градот, меѓу скопската тврдина Кале и археолошкиот локалитет Скупи, ќе се сретнете со место каде ќе можете целосно да се опуштите од секојдневните активности и да избегате од градскиот метеж. Тој е изграден над долината на реката Серава, на надморска височина од околу 300 метри. Стариот камен го овековечува времето на Римската Империја и ја докажува тешката и напорна изведба на овој објект.



АКВАДУКТОТ ВО ВРЕМЕТО НА РИМСКАТА ИМПЕРИЈА

Јустинијановиот аквадукт се смета дека датира од 527-554 година, односно од времето на Римската Империја и Јустинијан 1. Ова место било од големо значење бидејќи се сметало дека преку него се спроведувала вода од изворот Лавовец во селото Глуво на Скопската Црна Гора, до „топциската касарна“ односно Мустафа-пашината џамија. Растојанието меѓу Скопска Црна Гора и Аквадуктот е околу 10 километри. Долг е 386 метри и има 54 главни сводови и 42 олеснувачки засводени отвори кои се поста-

вени над столбовите. Водата се пренесувала со цевки кои оделе од запад кон исток. Според мислењето на Прокопиј, хроничар на владеењето на Јустинијан 1, се верувало дека поради сличноста на изградбата на Аквадуктот со Куршумли ан во Скопје, тој не потекнува од византиски период туку се изградил во 15 век, кога главниот град почнал полека да се збогатува со исламски градби. Ова мислење произлегло бидејќи на амамите и на џамиите, при изградбата и функционирање, биле потребни големи количества вода.

ИЗРАБОТКА НА АКВАДУКТОТ

Градбата на овој извонреден објект, кој датира од дамнешно време, е од речен и кршен камен во карактеристични редови од тула. Од вкупно 42 олеснувачки отвори, на 32 тампаноните се срушени, додека само 10 се сочувани. Челните ѕидови се од мешовита ѕидарија, камен и тула во варов малтер, со архиволти и надворешни лакови од тула, над кој има надолжни оградни ѕидови исто така од мешовита ѕидарија. Реконструкција на аквадуктот е направена по земјотресот во 1963 година, кога биле поправени три свода и два столба кои паднале од земјотресот. Според мислењата на многуте историски истражувачи, аквадуктот бил поврзан со градот Скупи, кој претставува град од римско и доцно античко време.

ПОЧЕТОЦИТЕ НА ГРАДОТ СКУПИ

Градот Скупи е археолошки локалитет кој се наоѓа на пет километри северозападно од Скопје, во непосредна близина на селото Злокуќани. Историскиот локалитет датира уште од крајот на 19 век. Како најстари наоди од ова место се група гробови од шести до осми век п.н.е. Археолошките ископувања на Скупи почнале инцидентно пред Втората светска војна, а Музејот на град Скопје, како имател на локалитетот, со систематски истражувања почнал во 1966 година и со мали прекини тие континуирано се извршуваат до ден-денес. На римскиот град Скупи по 15. година од нашата ера, му се случила колонизација и урбанизација, по формирањето на провинцијата Мезија. Според положбата, големината, четвртестата основа, постои голема веројатност дека градот се развил од легискиот логор во времето на царот Домицијан, во кој имало и староседелци со пајонско и дарданско потекло.



ВОЗОБНОВУВАЊЕ НА РИМСКИОТ ГРАД СКУПИ

Скупи, во текот на вториот век, добива особено репрезентативен лик при што посебно и централно место зазема монументалниот театар. Скупи настрадал во катастрофалниот земјотрес , а по 518 година престанува урбаното живеење на римскиот град.

Скупи е град кој ги отвора тајните порти на еден народ кој живеел со мошне интересен религиозен живот. Потврда за тоа се археолошките наоди кои денес се наоѓаат во Музејот на градот Скопје, како и ископините на самиот локалитет.

Оваа локација е историски значајна, а воедно место за релаксација и промена од секојдневните случувања.

Мила Глигорова

HOTEL MRAMOR®
HOME AWAY FROM HOME®
tel./fax : +389 2 2044-528, gsm: +389 70/78 226 663
11, Klenoec – 1000 Skopje, R. Macedonia
info@mramor.com.mk
PLEASE VISIT OUR WEBSITE: WWW.HOTELMRAMOR.COM

ГОЛЕМА ЕКОЛОШКА АКЦИЈА НА ПАКОМАК ЗА ПОЧИСТА ОКОЛИНА ВО СОРАБОТКА СО ОПШТИНА КАРПОШ И ОСТАНАТИТЕ СКОПСКИТЕ ОПШТИНИ



И во оваа учебна година ќе продолжи големата еколошка акција за почиста околина и за подобрување на хигиенските услови во училиштата, која ја организира компанијата „Пакомак“. Минатата година соработувавме со три скопски општини: Карпош, Кисела Вода и Гази Баба, а од оваа година покрај овие три општини, почнуваме соработка и со општините Центар, Аеродром и Ѓорче Петров.

Како и минатата година, во секое основно училиште на територијата на овие општини, „Пакомак“ ќе постави наменски контејнери и жолти канти, што учениците во одредени денови ќе ги полнат со амбалажен отпад од пластика - пластични шишиња од вода, сокови, јогурт, пиво, оцет и од масло. За собраниот амбалажен отпад од пластика, „Пакомак“ ќе возврати со хигиенски средства - апарати за течен сапун и неограничени количества течен сапун до секоја чешма во училиштата. Трошоците за обезбедување на овие средства досега беа товар на родителите. За одржливост на оваа акција потребно е секое дете секоја недела да носи на училиште најмалку по пет пластични шишиња.

Минатата година имавме одлична партиципација од учениците, наставниците и од родителите што резултираше во една успешна акција во која беа собрани повеќе од 1 милион пластични шишиња или 26 тони пластичен отпад од основните училишта од овие општини, што е еднакво на еден полн олимписки базен! Оваа година, со проширувањето на акцијата имаме цел да наполниме најмалку два вакви базени! Исто така, поставивме вкупно 500 апарати за течен сапун и обезбедивме неограничени количества на течен сапун, со што училиштата постојано беа снабдени со основните хигиенски средства и успеавме да ја подигнеме хигиената на завидно ниво.

Покрај ова, проектот има и натпреварувачко-мотивирачки ефект, бидејќи повторно на секои два месеци ќе ги евалуираме постигнатите резултати и ќе доделуваме неколку споредни награди за најдобриот ученик, најзаслужното одделение или најуспешното училиште од општината, а на крајот на учебната година ќе доделиме главни награди за најеколошкото училиште од секоја општина. Минатата година доделивме повеќе споредни награди: разновидни спортски реквизити (топки за кошарка и одбојка) за повеќе училишта, билети за кино, техничка опрема, разновидни награди и производи (трите најуспешни одделенија ги наградивме со вкусни производи - најновите чоколатца „најлепше жеље“, сокчиња „цедевита“, омилените „смоки“ и други од „Атлантик група“). Главните награди, опрема за училиштата согласно нивните потреби – ги добија основните училишта „Вера Цировири-Трена“ од општина Карпош, „Крум Тошев“ од општина Гази Баба и „Круме Кепески“ од општина Кисела Вода.

Редоследот на училишта од нашата општина Карпош, според нивната успешност е: „Вера Цировири-Трена“, „Петар Поп-Арсов“, „Владо Тасевски“, „Христијан Тодоровски-Карпош“ и „Јан Амос Коменски“ (делат 4. место, „Димо Хаџи-Димов“, „Аврам Писевски“, „Братство“, „Војдан Чернодрински“, „Лазо Трповски“.

„Шпаркасе банка“ повторно го поддржува овој еколошки проект и заедно се надеваме дека проектот ќе наиде на уште поголем интерес кај учениците, наставниците, училиштата, родителите и заедницата.



Карпош Комуницира

ИНТЕРНЕТ

Општина Карпош shared a link.
23 September near Skopje

за нас..



Карпош организатор на Европското шаховско првенство во 2015-та година
portal.com.mk

Општина Карпош и официјално е избрана за организатор на Европското клупско шаховско првенство во 2015 година, соопшти во понеделник, градоначалникот на Општина Карпош Стевчо ...

Dragan Ugrinovski ODLICNA VEST MOZE DA SE CUE SAMO VO NASIOT KARPOS

Шукар Чавела @jovanatozija 16 Sep
@OpstinaKarpos @parg0 кога може да очекуваме дупките да се санирани?

Opstina Karpos @OpstinaKarpos 16 Sep
@jovanatozija @parg0 Во право сте.Распишавме тендер и на 5-6 места ќе се санира.Наш дел е од А.Палас до мостот Обединети нации.

Opstina Karpos @OpstinaKarpos 16 Sep
Од буџетот се издвоени 360.000денари за санација на дупките и испакнатините од 12 годишна амортизација на велосипедската и ролерска патека

На нашата интернет страница можете да ја погледнете најновата Брошура на Одделението за детска, социјална и здравствена заштита 2013

Општина Карпош shared a link.
24 September near Skopje



Брошура на Одделението за детска, социјална и здравствена заштита 2013

Брошура на Одделението за детска, социјална и здравствена заштита 2013



Миша Поповиќ @popmisa 11 Sep
@OpstinaKarpos и повторно искосеното трње по илинденска од сала бт до к4 ми дупна гума на велосипедот. нели ќе се погрижевте за тоа?
Expand Reply Retweet Favorite More

Opstina Karpos @OpstinaKarpos 12 Sep
@popmisa Почитуван,
Што се однесува за градските улици кои се во надлежност на градот, обратете се во Институцијата на Град Скопје.

Magdalena Velevska @MagicaPrasica 11 Sep
@OpstinaKarpos Што бидна со игралиштето во Козле-Куршумица, под Жданец? Едно е во тој дел, а има доста деца и млади кои го користат. Фала.
Expand Reply Retweet Favorite More

Opstina Karpos @OpstinaKarpos 12 Sep
@MagicaPrasica Игралиштето е вклучено во програмата за реконструкција на детски игралишта и во иднина се очекува негова реставрација.Поздрав

Изработила: И. М.

Овозможува пријатни мигови на уживање во исклучително добра храна, одбрани вина, врвна услуга, тивка музика, ексклузивен ентериер

РЕСТОРАН Ден и Ноќ

Адреса: ул. Скупи бр.1
email: deninok@replek.com.mk
Тел: 02/ 3096 096
Факс: 02/ 3095 666

ДЕЖУРНА АПТЕКА „ЕУРО-ФАРМ“ ЗА ЖИТЕЛИТЕ НА ОПШТИНА КАРПОШ

Со самото почнување со работа „Еуро-фарм“ наметна еден нов, свеж концепт на услужување на своите пациенти. Новиот концепт значи контакт „лице во лице” помеѓу фармацевтот и пациентот, преку исфрлање на заштитното стакло во аптеките, што овозможи полесна комуникација без бариери и целосно посветување на потребите на пациентот.

И пациентите од општината Карпош имаат можност во својата општина секојдневно, од 0 до 24 часот да се снабдуваат со широката палета на лекови, помошни лековите средства и производи за широка потрошувачка на „Еуро-фарм“. Оваа дежурна аптека се наоѓа во комплексот на СП во Тафталице и е на површина од 53 квадратни метри, а покрај советите, упатствата и препораките на фармацевтите во аптеката, инфо-пултовите во нив овозможуваат лесен пристап на пациентите до најновите брошури и летоци од врвните светски производи, секако на македонски јазик, со сите неопходни информации за производот или линијата производи и неговата намена.

Со цел да се продлабочи веќе воспоставената врска меѓу стручниот тим од „Еуро-фарм“ и своите пациенти од една страна, но и со лекарите и фармацевтите, од друга, во секоја аптека достапно е и списанието „Семејно здравје”, во кое покрај запознавањето со производите, читателите можат да се запознаат и со советите за превенција од болестите и стекнување на нови, здрави животни навики. Исто така ги наградивме нашите лојални пациенти со воведувањето на „Еуро-фарм“ клуб картичка каде имателите на картичката добиваат бројни поволности во сите аптеки на „Еуро-фарм“, а бројот на членови во клуб-семејството „Еуро-фарм“ од ден на ден е сè поголем.

Во аптеките на „Еуро-фарм“ има лекови кои се на товар на ФЗОМ, целосно се почитуваат и применуваат единствените цени на лековите и, секако, има најприфатливи цени за останатиот асортиман.

ДЕЖУРНА АПТЕКА



0-24ч

www.eurofarm.com.mk

ЕУРО ФАРМ

ДЕЖУРНА АПТЕКА
(ПАЗАР ТАФТАЛИЦЕ)
тел: 02/55 14 580

ТРЕНЕРИШТЕ ОД НАШИОТ СОКАК



Некогаш човек не треба да помине долг животен пат за да биде успешен, особено кога станува збор во тренерската кариера. Примерот со нашиот сограѓанин Владимир Мирковски го докажува токму тоа. Имено, овој млад човек има само 28 години, а зад себе има трофеи и титули со кои не можат да се пофалат и многу поискусни кошаркарски тренери во Македонија. Еве зошто.

Популарниот Влатче од Карпош 1 својата играчка и тренерска кариера ја почнал во КК „Водњански лисици“, под будното око на неговиот тренер и тренерски ментор, скромниот, а сепак големиот Амди Муса. Во овој клуб ги остварува своите први тренерски успеси како помошник тренер и тренер на неколку категории на машки и женски екипи, при што од тој клуб излегоа неколку познати младински репрезентативци и репрезентативки во македонските селекции.

По шест години работа во „Водњански лисици“, во 2008 година се сели во КК „Бест“, Гевгелија, каде успешно работи и се натпреварува во лигите на Македонската кошаркарска федерација.

Во 2010 година по враќањето од Гевгелија преминува во кошаркарскиот клуб „Вардар“, каде во сезоната 2012/2013 ги достигнува своите најдобри успеси и со генерацијата 1995/96 го освојува бронзениот медал, а со генерацијата 1993/94 го освојува младинскиот куп и првенството.

Две години по ред е дел од организаторите на реномираниот камп „Професор Александар Николиќ“, каде ги надградува своите знаења и работи со еминентни имиња од југословенската кошарка, како што се Ранко Жеравица, Бора Цаковиќ, Иво Данеу, Александар - Бата Ѓорѓевиќ и др.

Останува да му посакаме на Влатче уште многу трофеи во неговата тренерска кариера, која иако кратка досега се покажа како исклучително плодна.

Зоран Т. Поповски



Другите за Влатко

Методија Бешлиовски, кошаркар на КК „Вардар“

Влатко е посебен тренер кој воедно е и престрог и предобар, но секогаш го прави она што е најдобро за своите играчи. Едноставно, привилегија е Влатко да ти биде тренер, бидејќи не постои друг како него.

Горан Милјевиќ, тренер на КК „Бахарина“

Имав задоволство да го запознаам како вреден човек, подготвен за работа и за учење, кај кој не сум забележал ни трага од суета, што е услов за успех во оваа работа. Тој има многу енергија и позитивен став, што му овозможува да има одлична комуникација со играчите, кои имаат стопроцентна доверба во него.

Крстиќ Дарко, КК „Вардар“

Со Владимир е лесно да се соработува бидејќи е вистински професионалец, предодреден на кошарка, а таквите се ретки кај нас.

Душан Павичевиќ, директор на Кошаркарскиот камп „Аца Николиќ“

Да бидам искрен, се работи за навистина добар тренер, но пред сè за добра личност. Во нашиот камп го стекна и тоа што му недостигаше да биде одличен тренер. Во прилог на тоа, на завршната вечер во Кампот Ранко Жеравица за него рече: „Малечкиов може многу. Му претстои светла иднина“.

ИЗВОНРЕДЕН УСПЕХ НА ПЛИВАЧИТЕ ОД „АКВАТИК“

Под водство на тренерот Марјан Соколовски-Мане, пливачите од ПК „Акватик“ од општина Карпош, остварија завиден резултат, освојувајќи девет медали на пливачкиот маратон кој се одржа минатиот месец во Дојран.

Натпреварувајќи се во три различни категории, најмладите на 2,5 км, од 15-17 годишна возраст на 5 км, и над 17-годишна возраст на 10 км, пливачките надежи од ПК „Акватик“ прикажаа извонреден резултат освојувајќи четири златни, две сребрени и три бронзени медали. На Купот на Македонија во маратонско пливање кој се одржа вторпат, учествуваа вкупно 53 пливачи од Македонија. Општина Карпош, која го поддржува спортот и ги поттикнува своите жители кон развивање на здрави животни навики, со гордост ги објавува имињата на младите успешни спортисти кои се закитија со медали: Ели Секуловска-(златна), Сандра Иванова-(сребрена) Ангела Ниниќ-(златна), Евита Насевска-(сребрена), Искра Стојаноска-(златна), Марта Челиковска-(бронза), Никола Василевски-(златна) Андрej Соколовски-(бронза) и Андрej Стојаноски-(бронза). Маратонот исто така го испливаа: Андрej Ѓоршевски, Марија Гајиќ и Филип Гајиќ.

И.Ѓ.

ДВЕ ТЕНИСКИ БРОНЗИ ЗА НОВИНАРОТ ОД КАРПОШ

Деновиве, со успех од Светското првенство во тенис за новинари, кое се одржа од 31 август до 7 септември во Словачка, се врати Владимир Аницинов, кој благодарение на општинската помош успеа да стигне до две бронзени медали, поединечно и во двојка.

- Среќен сум што ја продолжив личната традиција на успешни постигнувања како ретко кој спортист во земјава, со освојување на трофеи, пехари, медали, како и со чувството дека уште еднаш надалеку се слушнаа имињата Македонија, Скопје, Општина Карпош – вели Аницинов, изразувајќи благодарност до градоначалникот Јакимовски и до Општината за несебичната поддршка.

Тој на Светското првенство во тенис за новинари, кое се одржа во Пјештани, Словачка, беше единствен претставник од Македонија. За поддршката што ја добил од Општина Карпош зборува со почит, особено затоа што, како што вели, ниту една друга државна институција, вклучувајќи ја и Агенцијата за млади и спорт, не ја помогнала неговата мисија да ја прослави Македонија со рекет и со топче, иако во 2008 и во 2009 година бил избиран за спортист на годината.

М.Г.





„ЈУВЕНТУС“ ПОВТОРНО ГО ОСВОИ „СОКОЛ“

Екипата на скопски „Јувентус“ го повтори ланскиот успех, освојувајќи го повторно традиционалниот 16. турнир во мал фудбал „Оливер Соколов – Сокол 2013“. Во крајно неизвесен меч полн со пресврти, црно-белите за нијанса се покажаа како подобар противник, совладувајќи ги своите ривали, екипата „Барселона“ од Скопје со резултат 3:2.

Квалитетен, но далеку поизвесен беше дуелот за третото место меѓу екипите на кумановски „Дали Пом“ и скопски „Партнер Дизајн“, во кој кумановци ги совладаа своите соперници со 5:1.

Овој турнир во мал фудбал преминува во елитно натпреварување на кој единствено недостигаше слободно место на преполните трибини. Шеснаесеттото издание на „Сокол“ ќе биде запомнето по беспрекорната организација на „Карпош фудбал клуб“ (КФЦ), несебичната поддршка на Општина Карпош, хуманоста и фер играта. Во рамките на оваа спортска манифестација присуствуваа фудбалските ветерани, некогашните спортски асови на ФК „Вардар“, кои му го отворија патот до центарот на игралиштето на незаборавната легенда на македонскиот фудбал, големиот Кирил Дојчиновски. Во оваа пригода, тие му врачија плакета за животно дело и посебни достигнувања во македонскиот фудбал.

За најдобрите три екипи, освен вредносни ваучери од ТЦЦ „Плаза“ и спортска опрема од „Орка спорт“, Општина Карпош обезбеди вредни парични награди, во чие име лично им ги врачи првиот човек на Општината, господин Стевчо Јакимовски. Првопласираната екипа доби ваучер во вредност од 300.000 денари, второпласираната освои 120.000 денари, додека третопласираната екипа си замина со 60.000 денари.

За најдобар голман на турнирот беше прогласен Емил Ацевски од екипата на „Партнер Дизајн“, кој доби вредносен ваучер од ТЦЦ „Плаза“ и спортска опрема од „Орка спорт“. За најдобар играч на турнирот беше прогласен Драган Петровиќ од екипата на „Дали Пом“, кој освен ваучерот и спортската опрема, освои стипендија од Универзитетот за туризам и менаџмент – Скопје, во вредност од 5.000 евра за студирање на еден од нивните факултетите.

И.Ѓ.

ОТВОРЕНИ ПЕТТИТЕ СПОРТСКО-УЧИЛИШНИ ЛИГИ

Во преполната спортска сала „Форца“, во френетична атмосфера и со интонирање на македонската химна, почнаа петтите по ред Спортско-училишни лиги на Општина Карпош 2013/2014. Најдобрите ученици-спортисти од десетте основни училишта на територија на Општината, ќе ги одмерат силите во четири дисциплини: кошарка, фудбал, одбојка (девојчиња) и шах. Училишните лиги за отворени ги прогласи градоначалникот Стевчо Јакимовски.

- Ја поздравувам оваа традиционална манифестација и ви посакувам успешни натпреварувања, а најдобрите нека победат - рече првиот човек на Општината и додаде дека и оваа година, како и секоја, следуваат училишни стипендии, екскурзии, а главната награда е патување надвор од нашата земја.

Овие натпреварувања ќе траат преку целата учебна година, а годинашниот новитет ќе биде есенскиот и пролетниот турнир во ракомет и во пинг-понг. За да се воведат повеќе спортски дисциплини и да се подобри физичката активност на учениците, секој петок ќе се организира рекреативно качување на вештачката карпа на кејот кај реката Вардар.

М.Г.





За месец октомври

Јоана Станиќ



ОВЕН: Венера ќе ве прави харизматични, атрактивни и романтични. Во втората половина на месецот Марс ви ја зголемува страста и ќе сакате сите тие моменти да ги поделите со партнерот. Доброто работно опкружување ќе ви помогне да ги пребродите, но внимавајте кај големите инвестиции бидејќи Јупитер знае да донесува загуби. Со здравјето нема да имате проблеми, но внимавајте малку на исхраната.



БИК: Овој месец ќе биде прилично разновиден за вас. Оние кои се сами, во втората половина на месецот ќе имаат можност да пронајдат партнер за посериозна врска. За оние кои се во врска, многумина ќе бидат ставени на тест, но сепак тензијата ќе се смири во втората половина на месецот. На професионален план - неутрален месец. Воздржете се од ароганција и потрудете се со сите финансии да останете во зелената зона. Напнатоста и несоницата набргу ќе исчезнат.



БЛИЗНАЦИ: Овој период не е баш најповолен за вас. На љубовен план можни се конфликти, па воздржете се од напади на љубомора. Месецов наоружајте се со многу трпение за да расчистите многу сметки. Работната атмосфера ќе биде заострена и добро е во втората половина на месецот повеќе да обрнете внимание кои зборови ги користите во комуникацијата со соработниците. Облекувајте се според временските услови.



РАК: Во октомври среќата во љубовта ви се насмевнува – паровите кои минатиот период имале недоразбирања сега треба да ги надминат. Јупитер во овој период на работен план ќе ви помогне да ги совладате сите пречки на патот. Во втората половина на месецот може да се чувствувате уморни и исцрпени. Почнете да внимавате на исхраната.



ЛАВ: Планетата на љубовта ќе биде многу позитивна за вас во првата недела на месецот, ќе можете да најдете партнер што ви одговара благодарение на вашата нагласена харизматичност и трпение. Ќе посакате да водите целосна контрола врз своите пари и да управувате со истите или ќе инвестирате во работи кои поодамна сте ги планирале. Можни се кратки патувања. Занимавајте се со спорт или практикувајте прошетки на свеж воздух.



ДЕВИЦА: Вредни и снаодливи сте, но треба да внимавате амбициите да не ви земат само материјален правец. Доколку сте во врска, партнерот ќе бара од вас повеќе внимание, па не инаетете се, туку научете да ги признаете грешките. На работен план ви претстои интересно патување во странство, но и поголем прилив на средства на вашата банкарска сметка. Зацврстете ги роднинските врски. Здравјето ви е во добра состојба.



ВАГА: Октомври ќе ве направи привлечни и шармантни, месецот е одличен за заведување и дружење, па соберете храброст и повикајте ја личноста која ја сакате на заедничко дружење. Зафатените Ваги ќе ги решат недоразбирањата од минатото. Кариерата ќе ви биде во подем, ќе бидете свесни за своите вредности што ќе ви ја зголеми самодовербата и самопочитта. Месецот ви носи повеќе приходи, ќе имате среќа во финансиските потфати. Здравје - одлично.



СКОРПИЈА: Можете сè што сакате - Венера и Марс ви носат поволни услови за секоја идеја што ќе ви падне на памет. Воопшто нема да ви биде здодевно и нема да дозволите неизвесни односи. На работа ќе напредувате без многу труд што уште повеќе ќе ви ја зголеми самодовербата. Ќе бидете во движење и ќе склучувате успешни зделки. Внимавајте на здравјето.



СТРЕЛЕЦ: Ве очекува среќа во љубовта. Со Венера во вашиот знак, многу работи ќе почнат да ви се случуваат - односот со личноста која ви се допаѓа брзу ќе напредува, но внимавајте и не донесувајте нагли одлуки. На работен план потешко ќе се ускладувате со другите и некои ваши идеи нема да бидат прифатени, а трошоците ќе ви бидат во пораст. Понекогаш премолчете и не избрзувајте. Занимавајте се со спорт.



ЈАРЕЦ: На работен план сте успешни. Во љубовта ќе го губите контактот со реалноста и ќе градите слика за идеална врска. Внимавајте страста да не ве заслепи за проблемите што можат да произлезат од љубовниот однос. На средината на месецот можно е познанство со особено интелигентна личност. Искористете ја фантазијата,инспирацијата и интуицијата за нови почетоци.Посетете стоматолог.



ВОДОЛИЈА: Со партнерот остварувате поголема блискост. Ќе се трудите секој слободен момент да го поминувате со него, а тоа ќе придонесе за повторно зближување. На работен план ќе бидете разочарани од однесувањето на некои колеги на кои претходно сте можеле да сметате. Ќе спознаете дека мора да зацврснете и да не дозволувате да ве обвинуваат ако нешто не оди по планот. Не предавајте се на летаргично расположение.



РИБИ: Ќе ве привлекуваат патувања. Можни се пријатни вести од странство или возбудливи искуства. Ќе запознаете личност која ќе ја промени вашата животна филозофија и сфаќањата за љубовта. На работен план ќе бидете продуктивни и делотворни. На финансиски план очекувајте материјална помош од блиски личности. Ќе бидете добар трговец. Обезбедете си повеќе сон.



Многу повеќе.

НОВИОТ SPACE STAR



89€ месечна рата (5500ден)

- **МНОГУ ПОВЕЌЕ ЕКОНОМИЧЕН**
  Најниска потрошувачка во својата класа*
  *според NEDC

4.0 литри/100km* *

- **МНОГУ ПОВЕЌЕ ОПРЕМЕН**
  ASC +TCS+ABS+BAS
  Клима уред, старт/стоп, 8 воздушни перничиња....
- **МНОГУ ПОВЕЌЕ ПРОСТОРЕН**

МакАутоСтар www.mitsubishimotors.mk /MitsubishiMotorsMakedonija

MITSUBISHI MOTORS

ТВИТЕР ХУМОР



@60ti70ti
Ти вика 'Покажи ми што знаеш најбоље' и зимаш населбата и ја покажуваш.


@iskra_iskrich
Човек со годините почнува скоро сите да ги разбира. И што повеќе ги разбира, тоа повеќе и ги селектира.

@zokiodskopje
Предлог за името? - Маќедопијам!

@matrsakoski
Да се разбереме, абортусот е ужасно нешто. Но, поужасно нешто е да го родиш детето и да немаш со што да го храниш.

@lokaleniritant
Фејсбук: среќен сум!
Инстаграм: убав сум!
Пинтерест: снаодлив сум!
Твитер: секаде лажам ама тука ја кажувам вистината!

@saintvain
Еден ден и птиците преселници нема да се вратат назад, во Македонија.



@bisernasolza
#уМоеВреме мастиката за џваќање се лепеше за цревата ако ја голтневме.

Skopje City Mall

ОПШТИНА КАРПОШ

ЕМ УМЕАМ ЕМ МОЖАМ! 11

5 ОКТОМВРИ 2013

Ајде заедно да го прославиме **11:00 - 23:00 часот**

11-от роденден на манифестацијата „Ем умеам, ем можам" во организација на Општина Карпош, заедно со 1-от роденден на најголемиот трговски центар Skopje City Mall

Детска програма

Настап на Ангелина Спасовска

Настап на Илија Кикиритков и Ане Опашинов

ДЈ Васе

Настап на Александар Тарабунов

ДЈ Дела

Специјален гостин - ПЕТАР ГРАШО - 20:00 часот

пред плато Skopje City Mall